**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа член 7 став 1 точка 10 и член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), член 36 став 3 и член 45 став 1 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за менувачки работи**
**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 42/16)**

1. Во Одлуката за менувачки работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 127/12 и 42/14), во точка 3 став 1, алинејата 6 се брише.

Во став 1 алинеја 7, зборовите: „и овластените лица" се бришат.

Во став 1, алинејата 8, се брише.

2. Во точка 4 став 1 алинеја 4, по зборот: „телефакс" се додаваат зборовите: „и адреса на електронско сандаче за прием на писмена (е-маил адреса);".

Во став 2, алинеја 6, зборовите: „и овластените лица" се бришат.

Во став 2, алинејата 9, се брише.

3. Во точка 6, ставот 1 се менува и гласи:

„Народната банка, по службена должност, ќе обезбеди доказ од надлежен суд дека против одговорното лице во правното лице не е/е изречена правосилна судска пресуда за кривично дело од областа на финансиите.".

Во став 2 зборовите: „или лицето коешто ќе ги врши менувачките работи", се бришат.

4. Во точка 11, став 1 по бројот „4" се брише запирката и се додава сврзникот „и", а по бројот „5" се бришат зборовите: „и 6".

5. Во точка 12, став 1 по бројот „4" се брише запирката и се додава сврзникот „и", а по бројот „5" се бришат зборовите: „и 6".

6. Во точка 13, ставот 1 се менува и гласи: „Овластениот менувач е должен да ја извести Народната банка и да ѝ достави соодветна документација за секоја промена на условите од точката 3 алинеи 3, 6 и 8 од оваа одлука и на податоците и документите од точката 4 став 1 алинеи 4, 5 и 6 и став 2 алинеи 3, 6, 7, 8 и 10 од оваа одлука, вклучувајќи го и престанокот со вршење

менувачки работи со враќање на писмениот белег - налепницата, во рок од 5 (пет) работни дена од денот на настанувањето на промената.".

7. Во точка 16 став 1 алинеја 7, по зборот: „менувач" се додаваат зборовите: „и адреса на електронско сандаче за прием на писмена (е-маил адреса) на овластениот менувач;".

8. Во точка 20 став 1 по зборот „извршениот" се додаваат зборовите „посреден или непосреден", а по точката, се додава нова реченица којашто гласи: „Записникот од извршениот непосреден надзор се изготвува при вршење на надзорот кај овластениот менувач или во просториите на Народната банка.

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3 коишто гласат:

„Записникот кој се изготвува при вршење на надзорот кај овластениот менувач ги содржи најмалку следниве елементи:

- место и датум на изработка;
- име и седиште на овластениот менувач;
- адреса на менувачкото место;
- лица коишто го вршат надзорот;
- име и презиме, матичен број, број на лична карта и живеалиште на лицето овластено за вршење на менувачки работи;
- број и датум на решението на гувернерот врз основа на кое овластениот менувач врши менувачки работи и број на писмениот белег – налепницата издаден за менувачкото место;
- законски прописи во кои е предвиден предметот на надзорот;
- наод од извршениот надзор;
- рок во кој овластениот менувач може да поднесе приговор на записникот;
- одредба дека записникот од извршениот надзор претставува класифицирана информација;
- број на примероци во кои е составен записникот;
- место и датум кога овластеното лице го примило записникот;
- потпис на овластеното лице;
- потпис на лицата коишто го извршиле надзорот.

Во ситуации кога менувачкото место е затворено, иселено, кога е затекнато неовластено лице или кога се работи за оневозможен надзор, записникот се изготвува во просториите на Народната банка. Овој записник ги содржи следниве битни елементи:

- место и датум на изработка на записникот;
- број и датум на решението на гувернерот врз основа на кое овластениот менувач врши менувачки работи;
- лица коишто го вршат надзорот;
- адреса на менувачкото место;
- наод од извршениот надзор;
- рок во кој овластениот менувач може да поднесе приговор на записникот;
- одредба дека записникот од извршениот надзор претставува класифицирана информација;
- број на примероци во кои е составен записникот;
- потпис на лицата коишто го извршиле надзорот.".

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 4, 5 и 6.

9. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**О бр. 02-15/II-4/2016**
**25 февруари 2016 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**